**До**

**УСТАВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
ул. Кеј „Димитар Влахов“ бр.19
1000 Скопје

# И Н И Ц И Ј А Т И В А

за оценување на уставност и законитост

## I. ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ИНИЦИЈАТИВАТА

| **Правно лице** | |
|---|---|
| Назив | Здружение на судиите на Република Северна Македонија |
| Седиште | Судска палата, ул. Крсте Мисирков бр.1, 1000 Скопје |
| Телефон за контакт | 02/310-9943; 070/277-634; 078/279-771 mja@mja.org.mk |
| Законски застапник | д-р Џемали Саити, Претседател на ЗСРСМ |

## II.ПРЕДМЕТ НА ИНИЦИЈАТИВАТА

| **Означување на оспорениот акт / одредба / и од актот:** |
|---|
| Законот за изменување на законот за плати на судиите „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51 од 29.02.2024 година. |

| **Уставни или законски одредби за кои подносителот смета дека се повредени со оспорениот акт / одредба и причини за оспорување:** |
|---|
| **А.** Повреда на одредби на Уставот на Република Северна Македонија |

I.

**Темелни вредности:**

Член 8 став 1 алинеја 1 - Основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот.

Член 8 став 1 алинеја 3 - Владеење на правото.
Член 8 став 1 алинеја 4 - Поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска.
Член 8 став 1 алинеја 6 - Правна заштита на сопственоста.
Член 8 став 1 алинеја 11 - Почитување на општо прифатените норми на меѓународното право.

II.

Член 98 став 2 - Судовите се самостојни и независни.
Член 32 став 3 - Секој вработен има право на соодветна заработувачка.
Член 54став 1 - Слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

III.

Член 52 став 4 - Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните.

**Согласно член 108 од Уставот на Република Северна Македонија, Уставниот суд е орган на Републиката кој ја штити уставноста и законитоста.**

**Согласно член 112 од Уставот:**

- Уставниот суд ќе укине или поништи Закон ако утврди дека не е во согласност со Уставот.
- Уставниот суд ќе укине или поништи друг пропис или општ акт, колективен договор, статут или програма на политичка партија или здружение, ако утврди дека тие не се во согласност со Уставот или закон.
- Одлуките на уставниот суд се конечни.

**Согласно член 12 од Деловникот на Уставниот суд**, секој може да поднесе иницијатива за поведување на постапка, уставност на закон и уставност и законитост на пропис или друг општ акт.

**Со Законот за изменување на законот за плати на судиите бр.08-1473/1 од 29.02.2024 година, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51 од 29.02.2024 година,** се менува членот 7 од Законот за платите на судиите (Сл. Весник на РМ бр.110/07, 103/08, 161/08, 153/09, 67/10, 97/10, 135/11, 231/15 и 248/18) на начин што со член 1, се интервенира во платите на судиите, кои остваруваат право на плата согласно Законот за платите на судиите, така што се намалува коефициентот за утврдување на платата на судиите и согласно овие измени коефициентот изнесува од 2,43 до 3,21 место претходно утврдениот

коефициент со Законот за платите на судиите кој изнесува од 2,80 до 3,70, што значи намалување на личните примања на судиите како легитимни очекувања согласно важечката правна регулатива.

Воедно во член 2 од Законот за изменување на законот за плати на судиите е определено дека коефициентите од членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат со исплата на платата за месец февруари 2024 година, додека во членот 3 е наведено дека овој Закон влегува во сила со денот на објавување во Службен весник на РСМ, односно од 29.02.2024 година.

**А.** Член 8 став 1 алинеја 4 од Уставот на Република Северна Македонија ја гарантира поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска. Член 8 став 1 алинеја 3 го гарантира владеење на правото, додека член 8 став 1 алинеја 11 од Уставот, **како темелна вредноста го утврдува почитување на општо прифатените норми на меѓународното право**.

Согласно член 61 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија е претставнички орган на граѓаните и е носител на законодавната власт на Републиката.

Согласно член 68 од Уставот на РСМ, Собранието на Република Северна Македонија, меѓу останатите надлежности донесува закони и дава автентично толкување на законите.

Тргнувајќи од овие надлежности, Собранието на РСМ на предлог на овластен предлагач, го донесе Законот за изменување на законот за плати на судиите „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.51 од 29.02.2024 година, кој како составен дел на нашиот правен систем влегува во сила на денот на објавувањето во Службен весник на РСМ, а ќе започне со примена со исплата на платата за месец февруари 2024 година.

Неспорната законодавна надлежност на Собранието на Република Северна Македонија, не подразбира донесување на закони кои се во спротивност со уставните начела кои се однесуваат на поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, владеењето на правото и особено законски решенија кои претставуваат директен атак врз несависноста и самостојноста на судската власт, како уставна определба, загарантирана и со општо прифатените норми на меѓународното право, кои се обврзувачки за Република Северна Македонија, член 8 став 1 алинеја 11 од Уставот на РСМ.

Во контекст на ова, треба да се истакне Препораката (94)12, на Комитетот на министри на земјите членки, во која се наведува дека наградата на судиите треба да биде гарантирана со закон (Начело I.2b.ii) и „да соодветствува со достоинството на нивната професија и со товарот на одговорностите“ (Начело III.1.б). Дополнително, Мислењето Бр.1 (2001) на Советодавниот совет на Европските судии (CCEC), упатува на потребата “платите на судиите да бидат гарантирани со специфични правни одредби насочени против нивното намалување. Во државите треба да постојат одредби за покачување на платите пропорционално на порастот на животните трошоци”.

Општа повелба на судиите, усвоена на Собранието на Меѓународното здружение на судии во Тајван, 1999 година, надградена во Сантиаго де Чиле, 2017 година, нотира дека,"Платата на судијата не смее да зависи од резултатите на неговата работа или неговиот учинок, ниту пак ова може да се намалува во текот на извршување на судиската должност". Слични заложби се нотираат и во Извештајот на Европската Комисија за напредок на Република Северна Македонија за 2021 година во делот на ефикасноста и буџетирањето на судството.

Имајќи ги предвид горенаведените определби, Законот за изменување на законот за плати на судиите „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51 од 29.02.2024 година, покрај загрозувањето на темелните вредности утврдени во Уставот на РСМ, е во директна колизија и со Закон за платите на судиите, "Службен весник на РМ" бр.110 од 14.09.2007 година, притоа повредувајќи го принципот на правна сигурност и предвидливост, со оглед на фактот дека преку корекцијата на коефициентите со Закон за изменување на законот за плати на судиите, директно се интервенира[1] во платите на судиите од страна на Собранието, како легитимни очекувања кои се утврдени со Закон.

Од овие причини сметаме дека Законот за изменување на Законот за плати на судиите е во колизија со горенаведените одредби на Уставот на Република Северна Македонија, а во контекст и на одредбите од член 60 од Законот за судовите, во кои е предвидено дека, "Судиската плата за време на траење на судиската функција не смее да се намали, освен во случаите определени со закон" и особено во колизија со одредбите од член 2 став 2 од Законот за платите на судиите "Службен весник на РМ" бр.110 од 14.07/2007 година, во кој се наведува дека "Платата на судиите утврдена според одредбите на овој закон, не може да биде намалена со закон или одлука на државен орган".

Конечно со измените на Законот за платата на судиите, се доведува во прашање уставно востановениот систем на поделба на власта[2] и владеењето на правото како темелни вредности дефинирани во Уставот на РСМ, како и независноста и самостојноста на судската власт загарантирана во член 98 став 2 од Уставот на РСМ. Впрочем независноста на судството ја подразбира и финансиската независност, која не може биде загрозена со несоодветно задирање во платите на судиите преку намалување на веќе утврдените коефициенти како стекнато право, и право загарантирано со Закон.

Со измените на Законот за платите на судиите се врши органичување на правата и слободите надвор од случаите утврдени во членот 54 на Уставот на Република Северна Македонија. Овие измени суштински се разликуваат од поставените меѓународни стандарди, вклучувајќи ја и судската практика на Европскиот суд за човекови права. Во ситуација кога на територијата на РСМ не е прогласена воена или вонредна состојба, ниту пак финансиска криза или нагласен дефицит во државниот буџет, потоа, кога интервенцијата не е краткотрајна, ниту пак е предвидено постепено враќање на состојбата со платите на судиите како пред

---

[1]Оценска Мисија, Финалниот Извештај од месец декември 2017 година. Во Делот Б / Судење, точка 1.6. Зголемувањето на платите треба да зависи само од целите и автоматски критериумите пропишани со закон, без каква било интервенција од страна на Владата. Референтен број: JHA IND/EXP 65383. TAIEX – Инструмент на Европската комисија

[2] Оценска Мисија – т.1.53а поделбата на властитеи за важноста на независноста на судската власт.

донесувањето на оспорените измени на Законот за платите на судиите, произлегува дека избраните механизми од законодавецот за оставрување на целите на Законот за изменување на Законот за платите на судиите не ги исполнува обврските кои произлегуваат од членот 54 од Уставот на РСМ, според кое, во ограничувањето на правата и слободите на човекот и граѓанинот, јавните институции се должни да вршат проценка помеѓу ограничувањата и целите кои што се сака да се постигнат како и да се разгледуваат сите можности за нивно оставарување со што помали огранучувања, определби афирмирани и од страна на Европскиот суд за човекови права (принцип на пропорционалност).

**Б.** Во член 52 став 4 од Уставот на РСМ, се наведува дека Законите и другите прописи не можат да имаат повратно дејство, освен по исклучок, во случаи кога тоа е поповолно за граѓаните. Имајќи го во предвид горенаведеното се поставува прашањето за правната издржаност на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за платите на судиите, во контекст на легимните очекувања на вработените, притоа имајќи ги предвид и сметководствените стандарди односно правилата за пресметување на платата на избраните и именуваните лица, во ситуација на незавршен работен месец во моментот на влегувањето во сила на Законот за изменување и дополнување на законот за платите на судиите, но во очигледна ситуација на важење на друг Закон ( Закон за платите  на судиите - по поволен) при реализација на најголемиот дел на работните денови во месецот.

Ова и во контекст на Уставно загарантираното право на сопственост, гаранции дадени во член 8 став 1 алинеја 6 од Уставот на РСМ, во кој како темелна вредност е утврдено правото на заштита на сопственоста, која ги опфака и реално очекуваните примања во вид на личен доход, во конкретниот случај загарантирани со одредбите од член 32 став 3  и член 30 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија.

Со измените на законот се врши директна повреда на правото на сопственост гарантирано со член 1 од Протоколот бр.1 на Европската Конвенција за човековите права, и член 30 и 32 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија. Во тој контекст, во јурисдикцијата поврзана за заштита на правото на сопственост, Европскиот суд за човекови права нагласува дека правото на плата претставува легитимно имотно очекување врз кое вработениот граѓанин, полага право на сопственост, со што ова право е инкорпорирано во опфатот на заштита со протоколот 1 од ЕКЧП.

**Предлог до Уставниот суд**

**1)** Согласно горенаведното а имајќи ја предвид изложената правна аргументација, предлагаме Уставниот суд, согласно член 11 од Деловникот, да донесе **РЕШЕНИЕ** за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Законот за изменување на законот за плати на судиите бр.08-1473/1 од 29.02.2024 година, Службен весник на Република Северна Македонија бр.51 од 29.02.2024 година.

**2)** Уставниот суд да донесе **ОДЛУКА** со која ќе ги поништи одредбите од член 1 и 2 од Законот за изменување на законот за плати на судиите бр.08-1473/1 од 29.02.2024 година, "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.51 од 29.02.2024 година.

**Посебен предлог**

Предлагаме Уставниот суд, согласно член 27 од Деловникот, да донесе **РЕШЕНИЕ** за запирање на извршување на поединечни акти или дејствија што се преземени врз основа на овој Закон, до донесување на конечна одлука по повод поднесената Иницијатива, бидејќи со неговото извршување би можеле да настанат тешко отстранливи последици во вид на дополнителни трошоци по државниот буџет и буџетот на засегнатите граѓани.

## III.ПРИЛОЗИ

**Кон иницијативата се доставува:**

* *Полињата во образецот не се лимитирани*

Подносител,

Потпис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Примено: 07 MAR 2024

| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| | | | |